Арх. знак 0202
Рок на чување
04.03 2019 гол.
Потпис

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-240/1
04.03.2019 година

# ЗАПИСНИК

од 5-та седница на Извршен одбор на Стоматолошката комора на Македонија, одржана на ден 13.12.2018 година во просториите на СКМ

На седницата присуствуваа сите членови на Извршен одбор,а присуствуваше и претседателот на Надзорен одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски и истата запична во 13.00 часот.

Седницата ја отвори претседателот на Извршен одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими, кој го прочита предлог дневниот ред и постави прашање дали некој од членовите на Извршниот одбор имаат забалешки околу истиот, со што претседателот на Комората д-р Денковски даде кратка забелешка дека во предлог дневниот ред со оглед на тоа дека не е ставено како точка предлог измени на Деловникот за работа на Собранието на СКМ, како шеста точка да се дополни во дневниот ред тоа, со што сите членови на ИО, едногласно ја усвоија таа точка, а по тоа целосно се усвои предлог дневниот ред.

**1.** По усвојувањето на дневниот ред, следеше првата точка од дневниот ред односно усвојување на записникот од претходната четврта седница на ИО, каде што д-р Кенан Ферати со мала забелешка околу името на претседателот на ИО, како техничка грешка побара во иднина да се исправи во тој дел записникот, по што записникот од последната седница едногласно го усвоија сите членови на ИО на СКМ.

**2.** Седницата се продолжи со втората точка од дневниот ред односно усвојување на предлог измените на Правилникот за стручен надзор врз стручната работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници, каде што збор зема правничката на Комората Ана Бошковиќ која во продолжение истакна дека потребата за овие предлог измени првично се јави со оглед на моменталната фактичка ситуација која се случува токму на оваа тема. Измените се обработија на седница на Комисијата за статутарни и правни прашања, каде што и на членовите на таа Комисија им беше објаснето дека во досегашното работење на особено стручниот надзор по потреба, што се однесува на се почесто поднесените претставки од пациенти, се јави потреба од дополнување во однос на спроведување на процедурата на стручниот надзор по потреба, а паралелно на ова СКМ спроведе и редовен стручен надзор согласно Годишниот план од 2018 год, каде што и во тој дел по консултација и со вработениот од стручната служба Александар Маркозанов се донесе уште еден заклучок дека поради

потранспарентно работење и спроведување на тие надзори, потребна е измена во Правилникот.

Врз основа на погоренаведеното, правничката ги презентираше предлог измените на тој Правилник, каде што во член 5 став 3 се направи допрецизирање на ставот во смисла дека кога пациент поднесува Барање за спроведување на надзорот, кое покрај тоа што треба да биде во писмена форма, потребно е соодветната документација да се прецизира односно покрај писменото барање, да се доставaт и докази со кои пациентот докажува дека псочената грешка е направена од страна на докторот по дентална медицина, или доколку барателот не може односно ја нема токму таа документација, мора бар да даде Изјава заверена на нотар по однос на случајот. Ова е од причина што во последните неколку месеци зачестија претставките/барањата, од кои дел од нив само на лист хартија пациентот го раскажува настанот без никаква соодветна поткрепа за тоа. Истотака во истиот член 5, во став 4, се додава дека стручниот надзор по потреба се спроведува само ако докторот по дентална медицина бил член на Комората во периодот за кој се спроведува постапката, што ја оправдува својата логика дека СКМ е одговорна само за своите членови.

Во однос пак на редовниот стручен надзор, во член 8 од Правилникот за стручен надзор над стручната работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници, овој член претрпи поголема измена со оглед на тоа дека сега редовниот стручен надзор го спроведуваат Комисии за стручен надзор кои се определуваат од страна ан Регионалните одбори од своите членови на официјални седници по одлука на ИО на СКМ што претставува став 1 од тој член, додека пак став 2 се однесува на тоа дека при именувањето на членовите на регионалните одбори во комисиите, особено треба да се внимава на нивниот состав, доколку се спроведува стручен надзор во специјалистичка ординација, односно доколку се врши надзор во спец.ординација најмалку еден член од Комисијата мора да е со специјалистичка лиценца за работа. Додека пак доколку од различни причини не може да се определи соодветен член на Комисијата, регионалниот одбор со писмен допис и образложение бара од Претседателот на Комората да назначи соодветен член од редот на членовите на Комората, со што носи решение во рок од најмногу 5 работни дена по добиенто барање што како став 3 е утврдено истиот член 5, додека пак став 4 се однесува на тоа дека по завршувањето на редовниот стручен надзор, дипломираниот правник е должен да направи увид во записниците и извештаите и да се произнесе писмено по однос на нив. Овој став е од оправдана логична причина со оглед на тоа дека физички е невозможно во еден краток временски период, правникот на Комората да е присутен низ цела Македонија за време на спроведување на сите редовни стручни надзори.

Понатаму, подоле во член 9 се направи измена во делот на тоа дека покрај важечка лиценца за работа, докторот по стоматологија мора да исполнува критериуми од 7 години работни искуство во струката или најмалку 7 години работно искуство како специјалист. Во овој дел д-р Кенан Ферати даде забелешка за покачувањето од 5 на 7 години за специјалист, на што се надоврза и д-р Весна Чемерска која истакна дека со ваков услов во иднина би било тешко да се најдат специјалисти со толку работни искуство, со што сите членови на ИО се сложија дека во однос на специјалистите треба да остане по старо као и досега односно работното искуство да е 5 години, со што измената во овој член за нив останува 5 години.

Во продолжение правничката истакна дека другите членови остануваат непроменети, освен во член 17, со оглед на фактичката состојба каде што многу регионални комисии во сегашното спроведување на редовниот стручен надзор сеуште не доставиле повратно во СКМ документација дека го спровеле надзорот, се соочуваме со проблем да свесно ги пробиваме роковите кои ги утврдил и Законот за здравствена заштита и самиот Правилник, да во рок од 8 дена од денот на завршување на надзорот, извештаите бидат испратени во Министерството за здравство. Со цел да се забрза процесот и запази законскиот рок, во член 17 како нов став 1 се додаде да најдоцна во рок од 2 дена од денот на завршување на редовниот стручен надзор, комисиите се должни (што значи мораат) да ги достават документите до стручната служба во Комората за истите да се архивираат и запази рокот од став 2, (8 дена до министерство за здравство) со што во продолжение всушност став 1 станува став 2 со додавање на новиот став. Истотака правничката објасни, дека во прилозите- Извештаи од редовниот или стручниот надзор по потреба, забележала дека досега не стоело по неа нешто што е најважно, а тоа е на крајот на Извештајот да стои правна поука, во смисла во кој рок од денот на пристигнување на извештајот во установата, здравствениот работник има право на жалба до министерството, кој рок е 3 дена. Тоа е корегирано во извештаите и во иднина ќе се спроведе.

По излагањето на правничката, збор зема д-р Оливер Манасиев кој постави прашање дали може да се ограничи во кој рок може да се поднесе претставка од пациент, со што и претседателот на Комората и правничата објаснија дека не може да им ограничи тоа право, а должност со оглед на јавното овластување на Комората е да ги прими сите претставки, а самата комисија ќе си утврди оправданост или потреба од спроведување на стручните надзори по потреба. По ова, збор зема д-р Чемерска, која даде забелешка дека ова сепак не е нов Правилник и е потребно во дневниот ред да се смени дека се предлог измени на веќе постоечкиот Правилник, со што претседателот на ИО д-р Мирлинд Селими ги стави на гласање предлог измените на овој Правилник и истите едногласно се усвоија.

По опширната дискусија, ИО на СКМ донесе **Одлука за усвојување на предлог измените на Правилникот за стручен надзор врз стручната работа на здравствените установи и здравствените работници и соработници.**

**3.** Понатаму на седницата се продолжи по однос на трета точка од дневниот ред што се однесува на предлог -Деловник за работа на регионалните одбори на СКМ, по што краток бор зема повторно правничката која кажа дека како што знаат сите ваков деловник до сега не постоел како акт на СКМ, со што првично во однос на овој деловник како една предлог верзија, односно форма се изготви од страна на правничката заедно со адвокатското друштво Ристовска-Вујиќ и истата се даде на разгледување на седница на Статутарна Комисија, со оглед на тоа дека сепак за овој деловник е потребно да се слушнат искусни мислења во однос на реалната фактичка ситуација по региони, а се побара мислење, односно се предаде деловникот за негова анализа и дообработка и на член на ИО односно на д-р Чемерска, која на самата седница донесе нејзино дополнување- текст верзија на деловникот за сите членови на ИО. По однос на ова д-р Денковски констатираше дека со оглед на тоа дека токму на самата седница е доставена нејзината верзија, факт е дека сега истата не може на оваа седница да се усвои и обработи туку треба да се разгледува дополнително. Збор зема д-р Чемерска која првично кажа дека до седницата на ИО немало доволно време за целосна анализа на деловникот но сепак во предложената верзија се додадени болдирани текстови како нејзини

предлози за одредени членови. Истотака како што кажа и правничата и д-р Чемерска потврди дека е потребно да се согледа сечиво искуство и миселење по однос на обработката на овој деловник. На крајот на нејзината обработка на верзија на деловникот се доставени мислења, но сепак за многу работи д-р Чемерска се двоумела дали да ги достави или не, истакна свое мислење во поединечни делови како на пример за заменик на претседателот на ро за неговите обврски во однос на тоа дека не е спомнат тој во деловникот, туку само како функција. Истотака треба и замениците да се вклучат во однос на регистрацијата на членството, контакти, маил адреси и сл. Во продолжение, Д-р Чемерска, спомна и за делот за средствата, да се утврди и прецизира во самиот деловник, за што точно се однесуваат. Исто во деловникот и за печатот треба да се презицира, а треба да има и да регионалните одбори да можат да формираат свои комисии. Сепак д-р Чемерска сметаше дека треба да се слушне сечиво мислење и да се разгледа овој деловник убаво од сите членови на ИО. По кратка дискусија, членовите на ИО се договорија да во рок од 5 дена сите поединечно дадат свои забелешки на маил, и ако има време истите повторно да отидат на седница на Статутарна комисија, па ако се стигне со целосно обработка да се предложи за усвојување на собраниска седница. Д-р Чемерска додаде во продолжение да сите работи кои дополнително смета дека како предлози треба да ги вметне во деловникот, тоа прво го направи, па како таква форма прво да и го препрати на правничката на емаил, а потоа правничката да го испрати електронски до сите членови на ИО, со што едногласно се сложија сите членови на ИО на СКМ.

**4.** Понатаму, претседателот на ИО д-р Мирлинд Селими ја продолжи седница со четвртата точка од дневниот ред, односно разгледување и одлучување на барања поднесени од страна на доктори до ИО на СКМ. Збор зема правничката која ги реферираше предметите. Првото барање доставено од [illegible] во однос на тоа дали има право да го полага државниот испит уште еднаш, правничката по увид во документацијата и консултација со адвокатското друштво Ристовка-Вујиќ, како и добиеното правно мислење од таму,дека кандидатот [illegible] прво треба да се упати на извршување на пробна работа од една година, а по завршување на истата ќе може државниот испит да го полага, но само уште еднаш, односно тоа би и било последна шанса согласно документацијата и условите предвидени во Законот за здравствена заштита. Дел од членовите на ИО поставија прашање која е причината што поднела барање до нив со што се надоврза претседателот д-р Денковски кој објасни дека кандидатката на испитот паѓа, односно го нема положено веќе по трет пат. Сега со ова и се дава последна шанса, но пред тоа мора да помине пробна работа претходно. Збор по однос на ова зема д-р Фисник Касапи кој истакна дека сепак е фер да и се даде уште една шанса, на што едногласно се сложија сите членови на ИО на СКМ и се **донесе Одлука да и се овозможи уште едно полагање по успешна поминатa пробна работа.**

Понатаму, правничката реферираше по однос на поднесеното барање од страна на д-р [illegible] кој со доставување на документацијата за обнова на лиценцата за работа доцни околу 10 дена, но како оправдание за тоа приложи медицинска документација (инвитро порцедура и лечење стерилитет), а притоа докторот целосно ги исполнува сите услови за обнова на лиценцата во однос на стажот и бодовите. Членовите на ИО на СКМ едногласно донесоа **Одлука да лиценцата за работа на д-р [illegible] регуларно се обнови** без никаква дискусија, особено што здравствената состојба односно приложената медицинска документација ги оправдува тие неколку задоцнети дена и му посакаа успешно заздравување.

**5.** Седницата продолжи по однос на петта точка од дневниот ред, односно Одлуки по однос на член 28 став 18 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија по претходен предлог на Претседателот на Комората, збор зема претседателот на Комората д-р Денковски кој првично објасни дека во моментов се приврушува со она веќе што беше планирано во однос на организацијата на стручната служба, во однос на тоа дека се направени сектори во СКМ, стручната служба во меѓувреме се комплетираше во смисла дека од породилно отсуство на работа се вратија вработените Флорентина Кајоли и Ивана Велјановски, со што како предлог до ИО се даде да се воведе уште еден нов сектор покрај постечките за кои веќе еднаш се спомна, односно Сектор обуки и државни испити кој би го водела Флорентина Кајоли, со тоа што доколку има потреба ќе и помага Арта Садику, додека пак Ивана Велјановски останува да помага во економскиот сектор заедно со Ана Чаушевска. Со тоа имаме распоред на четири сектори односно Сектор регистар,лиценци и архива, Економски сектор, Правен сектор и новиот Сектор обуки и државни испити, а со сите нив раководи Секретарот на стручна служба Јасминка М.Јанева. Во однос на вработувања, д-р Денковски објасни дека двајца моментално се со договор на дело тоа се Арта Садику и Ана Бошковиќ, со што ги информира членовите на ИО дека за нив е планирано да се вработат со договор на неопределено време, за да можат да си ги превземат своите обврски како вработени на неопределено време почнувајќи од 1-ви Јануари 2019 година.

Во продолжение на седница, д-р Денковски објасни дека согласно секторите кои имаат свои раководители предлага да се гласа на седницата во однос на определување на висина на плата за вработените во Стручна служба на СКМ согласно систематизацијата и распределбата по работни позиции со што претседателот на ИО на СКМ д-р Мирлинд Селими го стави на гласање предлгот по точката од дневниот ред за определување на висина на платите на вработените со што се **донесе Одлука за определување на висина на платите на вработените во стручната служба на СКМ согласно Статут на СКМ.**

**6.** Седницата продолжи со шестата точка од дневниот ред, која се однесува на предлог измени на Деловникот за работа на Собранието на СКМ, каде што збор зема д-р Оливер Манасиев, претседател на Собранието на СКМ, кој наведе дека сите се свесни дека Собранието реално се соочува со опструкции, кои се тенденциозни, не се во корист кон подобрување на нештата, поради што се случувало неколку седници буквално да пропаднат, бидат неуспешни и затоа предложи неколку измени во Деловникот што би се однесувално на начинот на работа на самите седници, со што ја замоли правничката во продолжение да земе збор за да ги прецизира истите. Правничката на Комората, првично го прецизираше членот 25 од Деловникот за работа на Собрание, каде што се предлага да се избрише став 2, затоа што другите ставови во самиот член јасно го дефинираат мнозинството што пд ИО беше прифатено. Понатаму во член 33 се предлага став 1 да се менува односно гласи дека седниците на собранието ги свикува претседателот на собранието по сопствена иницијатива, по предлог на претседателот на комората, по предлог на извршниот одбор, по предлог на (20) делегати, по предлог на Надзорниот одбор доколку се исполнети условите за тоа. Истотака во став 2 од истиот член се предлага да се направи измена и тој да гласи дека предлогот за свикување на седниците од страна на предлагачите се доставува во писмена форма до претседателот на Собранието. Предлогот треба да биде попратен со материјалите кои се потребни согласно предложениот дневен ред. Предлог измените на овој член ИО ги прифати , со тоа што членовите на ИО сепак оставија простор да се размисли кој модул би одговарал најмногу во

однос трите региони наведени во членот, односно во кој случај би можеле регионалните одбори да свикаат во однос на прекршување на статут што би се издвоило како нов став, а да сето тоа амандмански се обработи на следната собраниска седница.

Во продолжение на овој член, се предложи да се додаде нов став во истиот член 33 како нов став, кој би дошол како став 5 подоле да стои да кога се предлага да се свикуваат седници, претседателот на Собранието да има право во рок од 10 дена од денот на приемот на барањето за свикување на седница да го одбие како неосновано доколку утврди дека во предложениот дневен ред постојат точки за кои веќе еднаш е дискутирано и одлучувано или доколку точките од предложениот дневен ред се однесуваат на прашања за кои е изгубен степенот на итност за што претседателот на Собрание е должен да даде писмено образложение.

Во однос за идејата односно предлогот за додавање на новиот став во член 33, збор зема д-р Гагалески кој наведе дека смета дека апсолутно не може да му се даде такво право на претседателот на Собранието по негова волја да одлучува дали некоја точка од дневен ред би била актуелна или не и да откажува цело Собрание. Односно претседателот на Собранието може да си ја закаже седницата, па на самата седница да се одлучува дали одредени точки би се расправале на седницата или не, нормално тоа со гласање на делегатите. Д-р Гагалески смета дека тоа воедно би направило многу тешки последици на работата на било кое собрание не само сега. Во дискусијата се приклучи и д-р Денковски кој по однос на ова, објасни дека новиот став е во смисла на тоа доколку се закаже Собрание и на седница се заклучи дека нема основ за дискутирање, што би правеле сите тогаш, а притоа дошле делегатите, откажале свои тековни обврски за на крај да излезе дека само изгубиле време. На ова се приклучи и д-р Фисник Касапи кој смета дека доколку се бара нешто што е актуелно во тој момент треба да се одржи седница.

Се приклучи на дискусијата и д-р Манасиев кој смета дека треба да се размисли убаво за овој дел, во смисла дека факт е дека не треба да бидат поедини делегати заложници на една група на луѓе на која кога ке им текне и а што и да им текне, можат да доставaт предлози за свикување седници.

Збор зема д-р Кенан Ферати кој наведе дека со оглед на тоа дека ова сепак би влијаело на работата во Собрание, а со оглед на фактот и дека има доста предлог измени во самиот Деловник, сепак сите би требало да се вклучат активно во сите работи и подетално да се анализираат предлог измените, на што се надоврза д-р Денковски и замоли како претседател на Комора, членовите на ИО да размислат и дадат свои идеи и размислувања околу тоа дали е во ред да се одржуваат собраниски седници секој ден, па макар и за непостоечки работи.

Истотака д-р Чемерска зема збор и истакна дека како што може да се види од материјалите на самата седница, се предлагаат пет измени, кои не се многу и кои ИО на СКМ, може и реално за тие пет измени има време на седницата да дискутира и одлучува и јасно е дека со тоа што се предлага поентата е да кога ќе дојде следна седница на Собранието, да на истата не се заглавува за пример некој записник и некој тоа да го слуша саат ипол, за кога ќе дојдат и другите точки од дневниот ред, делегатите бидат практично уморни и да се нема волја за понатамошна дискусија. Во однос на тоа д-р Чемерска се сложи дека на седницата на ИО треба да се поминат измените, да се разговара дали е потребно некој да може утре да

дискутира 20-мин или може да се ограничи тоа како што е разумно на 5-мин и предложи да се завршат наведените предлог измени на седницата. Целата дискусија ја подржа и д-р Борче кој истакна дека имаат реално време сите и треба да се произнесат за предлог измените и дека ИО на СКМ овие измени треба да ги усвои и да се предадат на Собрание.

Збор зема повторно д-р Денковски кој наведека дека во сето ова нема ништо недемократски или злонамерно. Туку поентата е кога ќе дојде наредната седница на Собрание записникот да не биде од 40 страни како што го изготвила правничката од последната собраниска седница, туку помалце и поконкретно.

По кратката дискусија, д-р Оливер Манасиев во интерес на времето, а со цел да се остави простор на ИО да размисли, го повлече предлогот за додавање на новиот став во член 33 од Деловникот за работа на Собранието.

Понатаму седницата продолжи така што д-р Оливер Манасиев предлагаше измени и на следните членови:

Во член 37 во став 3, на крајот на реченицата да се додадат зборовите ,,но не подолго од 5 (пет) минути ИО го прифати едногласно.

Во член 38 став 4 од Деловникот, се предлага да се прецизира во смисла, за неоправдано отсуство на собраниски седници повеќе од два пати, Претседателот на Собранието покрај известување на претседателот на РО од каде доаѓаат делегатите да се извести и Централната изборна комисија за понатамошна постапка, односно измените тука се во смисла дека соодветни мерки кои како зборови беа наведени во ставот, не го прецизираат начинот на кој што треба да се одвива процесот понатаму ИО го прифати едногласно.

Во член 41 став 1 од Деловникот по зборовите ,,разумно време за образложение,, се додаваат зборовите ,, но не подолго од 5 (пет) минути,, а на крајот на реченицата од истиот став по зборот ,,5 (пет) минути,, се додаваат зборовите ,, во тек на расправата по однос на наведената точка ИО го прифати едногласно.

Во член 43 од Деловникот, се предлага да се додаде нов став во смисла дека доколку делегатот продолжи и понатаму да се однесува спротивно на Деловникот, претседателот на Собранието има право да го отстрани тој делегат од седницата и писмено го забележува тоа.

Кон овој предлог за додавање на новиот став, збор зема д-р Фисник Касапи кој наведе дека смета како што е всушност и во пракса, дека не може никој да биде избркан од седница, туку за тоа се свикува пауза, што доби поддршка и од другите членови на ИО, со што новиот став се предлага да гласи: ,,Доколку делегатот продолжи и понатаму да се однесува спротивно на Деловникот, претседателот на Собранието е должен веднаш да свика пауза и писмено го забележува истото ИО го прифати едногласно.

Во член 44 став 2 по зборовите ,,писмена форма,, се предлага да се додаваат зборовите ,, најдоцна 5 (пет) дена пред седницата,,

- во став 4 од истиот член, по зборовите ,, има право,, се менуваат зборовите ,, со поддршка од 20 делегати,,

-во последниот став од истиот член зборот ,,дневен ред,, се менува со ,,на гласање,, ИО го прифати едногласно.

И како последно, претседателот на Собранието, д-р Оливер Манасиев предложи измена во член 48 став 3 зборот ,,од 10,, се менува со ,,од 20,, ИО го прифати едногласно.

Врз основа на обработените измени, ИО на СКМ донесе **Одлука за усвојување на предлог измените на Деловникот за работа на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија** кои ќе се разгледуваат на првата наредна редовна седница на Собрание на СКМ

**7.** Под седма точка од дневниот ред - Информации од претседател на Комората за активностите во изминатиот период, претседателот на ИО на СКМ , д-р Мирлинд Селими му даде збор на претседателот на Комората д-р Денковски кој првично нагласи околу проблемот со еден регионален одбор, а тоа е Гази Баба кој имаше обврска да свика собир на доктори со цел за пополнување на еден член во РО, но упорно од таму одбиваат да си ја исполнат својата обврска и се неми на сите одлуки од ЦИК и повици од стручната служба, со што ЦИК воедно и побара мислење од адвокатството друштво Ристовска-Вујиќ со кое соработува Комората, од каде што стигна правно мислење да случајот се процесуира и до Извршниот одбор со носење одлука за решавање на проблемот, па врз основа на фактичката моментална ситуација, а врз база на правното миселење, предложи до ИО на СКМ да изнајдат решение околу тоа, на што членовите на ИО на СКМ едногласно се сложија да се донесе **Одлука поради непочитување на одлуките и напатствијата на ЦИК, со оставање временски рок до 24.12.2018 година да свикаат собир на доктори и постапат согласно одлуките на ЦИК односно пополнат член во РО Гази Баба.** Непочитувањето на одлуката би сносело последици, со проследување на документацијата до Обвинителот на Комората и Судот на честа на СКМ. Истотака д-р Денковски ги извести членовите на ИО дека е пристигната оставка и од член на РО Прилеп, кое што ќе биде проследено до ЦИК на СКМ.

Во продолжение, д-р Денковски извести дека има став од Комисијата за награди за ослободување на најдобрите троица студенти за 2016/2017, со што се предлага до ИО да се донесе **Одлука за ослободување од плаќање на студентите/докторите од сумата за државни испити и да им се достават пофалници за тоа**, со што ИО едногласно беа ЗА.

Истотака, стучната комисија не поднела кој е супервизор за уште еден настан-симпозиум во Скопје, со што од членовите на ИО на СКМ, се донесе **Одлука да биде назначен д-р Арбен Асани.**

Истотака, со оглед на тоа дека треба да се достави Годишен план за стручен надзор кој треба да се предаде до министерот за давање согласност, д-р Денковски истакна дека Годишниот план е веќе спремен, изготвен од страна на вработениот во стручната служба Александар Маркозанов, на што ИО на седницата **го донесе Годишниот план за редовен стручен надзор за 2019 година.**

Д-р Денковски даде кратка информација за соработката со книговодствено биро Салдо три и извести ИО на СКМ дека по консултации и првични наоди на ревизијата има утврдени недостатоци во тековното работење и предложи истото биро даја заврши завршната сметка по што би се раскинал постоечкиот договор и би се склучил договор со друго сметководствено

биро од 01.01.2019 ,по што ИО на СКМ еднogласно донесе **Одлука за раскинување на договорот за вршење на сметководствени услуги со Друштвото за сметководство и консалтинг услуги САЛДО ТРИ ДОО.**

По ова Др Денковски претстави една идеја за која рече дека се разгледувала на стручната комисија на Комората .Тој појасни дека се разгледувало да организаторите на настани во Македонија се консултираат околу нивните можности да организираат симпозиуми со меѓународно учество со определени теми од стручната комисија , и тоа на пр.за третмани на компромитирани пациенти , рано откривање на орален карцином , работа со лица со посебни потреби итн. Симпозиумите би биле рамномерно распоредени и помеѓу организаторите и по региони за да може да се подостапни до докторите и ако се оди по првичната замисла тие би биле со задолжителни евалуациски ливчиња со прашања од самите предавања и со построга комтрола за реално лично присуство на пасивните учесници. Др Денковски по ова истакна дека би сакал ИО да се произнесе по таа идеја , но и да се донесе и заклучок дека и Комората би допринела за тие настани да ги направи подостапни и да со одлука се одкаже од наплаќање за баркодовите.

Кон излагањето на д-р Денковски, се приклучи и Д-р Табаковска која се сложи дека мора да се присутни на предавањето, но објасни дека Битола како регион имаат преку 250 стоматолози, и треба да патуваат до Скопје, се одзема цел ден, што не е ни финансиски издржано за колегите и смета дека барем три настани треба да има секој регион и побара тоа да се разгледа за да во иднина нема проблем со подигнување на сертификати.

По ова ИО донесе заклучок дека идеите се вредни да се разработат и ако сите инволвирани субјекти се согласат да се тргне со проектот од 2019 година.

**8.** Под точка разно, првично збор зема д-р Кенан Ферати, кој даде предлог до ИО на СКМ, во смисла со оглед на тоа дека е член на симулацискиот центар кој постои веќе четврта година, под ниво на Министерството за здравство, чии основачи се ЛКМ, Министерството и трите универзитети , во кој има добра опрема за обучување на докторите, д-р Кенан Ферати и порано на претходниот претседател проф.Поповски, а сега и на сама седница истакна дека стоматолозите можат да се вклучат во центарот, со тоа што ќе ги добиваат нивните услуги и унапредувања важни за ординациите. За тоа ја задолжиле и тамошната правничка да изнајде правно решение како да се вметнат стоматолозите во сето тоа, од причина што можат да се приклучат, но со сопствени средства, и предложи до членовите на ИО на СКМ, да размислат околу неговата идеја, со тоа што доколку начално бидат за , да се поднесе писмено барање до Министерството за здравство. Збор зема и д-р Весна Чемерска, која предложи на сите вработени во СКМ им се купат односно обезбедат соодветни униформи за работи.

Со завршување и на последната точка разно, претседателот на ИО на СКМ, д-р Мирлинд Селими ја затвори седницата во 15.45 часот.

**Записничар:**
Дипл.правник
Ана Бошковиќ

**Претседател на ИО на СКМ**
Д-р Мирлинд Селими